**20220070055**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 37 став 2 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 287/21) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 11 јануари 2022 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, ОПРЕМУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ДОМОВИ ЗА СТАРИ ЛИЦА ЗА 2022 ГОДИНА

I. Со оваа програма се уредува финансирањето за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2022 година, вкупните средства потребни за извршување на оваа програма во целина и изворот на средствата.

Средствата за реализација на оваа програма во вкупен износ од 38.560.000 денари се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, Раздел 150.01 – Министерство за труд и социјална политика, Потпрограма 4А – Изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица и ќе се користат за следните намени:

- изведување на градежни работи за изградба на дневен центар за лица со телесна и ментална попреченост во Општина Кавадарци,
- изведување на градежни работи за изградба на дом за стари лица во Општина Кочани и
- набавка, испорака и монтажа на опрема за дом за стари лица во Општина Кочани.

II. Во 2022 година со средствата од Потпрограма 4А-Изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица ќе се измират и обврски за капитални инвестиции за социјална заштита за проекти започнати во 2021 година:

- изведување на градежни работи за изградба на Дневен центар за деца со интелектуална и телесна попреченост во Општина Боговиње,
- изведување на градежни работи за реконструкција и адаптација на Дневен центар за лица со телесна или интелектуална попреченост во Општина Чашка,
- набавка, испорака и монтажа на опрема за Дневен центар за лица со телесна и интелектуална попреченост, Дневен центар за деца со аутизам и Мал групен дом за деца без родители и родителска грижа во Општина Штип,
- набавка, испорака и монтажа на опрема за Дневен центар за лица со телесна или интелектуална попреченост (сензор соба) во Општина Виница и
- набавка,испорака и монтажа на опрема за Дневен центар за лица со телесна или интелектуална попреченост во Општина Чашка.

Вкупните обврски кои ќе произлезат од склучените договори за погоренаведените повеќегодишни јавни набавки за 2021 година, во износ од 19.072.621,00 денари ќе се исплатат во зависност од реализацијата на терен.

III. Следење на спроведувањето на оваа програма врши Министерството за труд и социјална политика и најдоцна до крајот на 2022 година, доставува извештај до Владата на Република Северна Македонија.

IV. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-13679/1-21
11 јануари 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.